### РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА AMCHAM

# Инвестиции без бариери

Во регионот на Југоисточна Европа минатата година биле вложени 21 милијарда долари странски инвестиции, што е за 75% повеќе отколку во 2005 година. Тоа е доказ дека овие земји стануваат сè поинтересни за странскиот капитал. Македонија од своја страна, станува привлечна дестинација за инвестициите во туризмот, информатиката, автомобилската и текстилната индустрија, беше истакнато на Регионалната конференција на Американските стопански комори-AmCham, одржана минатата недела во Охрид.

Олеснување на регионалната трговија, зголемување на инвестициите и зајакнување на правата на интелектуална сопственост беа главните теми на кои што се дискутираше на Конференцијата.

Претседателот на Бордот на директори на AmCham Macedonia и директор на инвестицискиот фонд SEAF, Дејан Калиников, истакна дека и покрај зголемувањето на инвестициите во регионот, потребно е и понатаму да се подобрува амбиентот за вложување.

“Во регионот постојат административни и политички бариери, а дел од државите не покажуваат доволен капацитет за нивно надминување.

И политичката состојба во опкружувањето може да биде пречка за поголемо инвестирање”, смета Калиников.

### ПРИМЕРОТ НА СЛОВАЧКА

Како пример за успешно привлекување странски инвестиции, извршниот директор на AmCham во Словачка, Џејк Слегерс, ја истакна оваа земја.

До сега се инвестирани преку 17 милијарди долари, а само во 2006 година странските директни инвестиции изнесувале 4,2 милијарди долари. Најголемите инвестиции во Словачка доаѓаат од Холандија, Германија и Австрија. Siemens, Volkswagen, Samsung и останати индустриски гиганти имаат отворено преку 60.000 нови работни места. “Политичката и економската стабилност, рамниот данок, високостручната работна сила со традиција во инженерството, добрата инфраструрура, ниска цена на работната сила и високата продуктивност, се основните причини зошто Словачка стана централноевропски економски тигар”, објасни Слегерс.



Конференцијата ја отвори новата извршна директорка на AmCham Macedonia, Мишел Османли

На Регионалната конференција се зборуваше и за отворените прашања околу заштитата на интелектуалната сопственост како услов за трговските зделки на потенцијалните странски инвеститори. Кристал Ели, советничка за Европа и Евроазија при Американската стопанска комора со седиште во Вашингтон, потенцираше дека штетата од продажбата на пиратски и фалсификувани производи, само во САД, минатата година изнесувала десетици милијарди долари. Директорот на Македонската царина, Ванчо Каргов, истакна дека македонските царински власти интензивно работат на опремување на граничните премини со технологија и кадар за успешно откривање на фалсификувана стока. “Од почетокот на годинава, запленети се 1,5 милиони парчиња стока од фалсификувани брендови, а секојдневно откриваме и нови”, рече Каргов.

**АМЕРИКАНСКИТЕ СТОПАНСКИ КОМОРИ ИНСИТИРААТ НА ПОПОВОЛНА БИЗНИС КЛИМА ВО РЕГИОНОТ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ПРЕЧКИ ЗА СТРАНСКИТЕ ВЛОЖУВАЊА**

На Конференцијата беа присутни и претставници на неколку Американски стопански комори од Југоисточна и Централна Европа, поранешниот американски амбасадор во Македонија и сегашен бизнис консултант во Романија, Мајкл Ајник, директорот на Агенцијата за привлекување странски инвестиции Виктор Мизо, како и повеќемина менаџери на компании, членки на AmCham Macedonia. Конференцијата ја отвори новата извршна директорка на Американската стопанска комора во Македонија, Мишел Османли.

(И.П)

